# ГОВОР НА ОМРАЗА КОН МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЗАЕДНИЦИ СО ФОКУС КОН ЛГБТИ ЛИЦАТА

!@#!$

Оваа криза наметнува комплексни предизвици и ризици за сите групи на граѓани, но јасно е дека непропорционално потешко ги погодува маргинализираните групи во општеството. Во услови кога во нашата држава не постојат системски регулирани и системски инклузивни услуги за ранливите и за најмаргинализираните ЛГБТИ луѓе, негативните последици од КОВИД-19 кризата врз нивните животни и лични искуства можат да имаат несразмерно поголеми последици, особено директното влијание врз здравјето, социјалната и економската состојба.

На седницата одржана на 14.5.2020 година, Уставниот суд донесе одлука за укинување на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕПАК, НА 28.10.2020 ГОДИНА, СО 69 ГЛАСОВИ ЗА, ЕДЕН ВОЗДРЖАН И БЕЗ НИТУ ЕДЕН ГЛАС ПРОТИВ, СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГО ИЗГЛАСА ЗАКОНОТ КОЈ ПРВИЧНО БЕШЕ ДОНЕСЕН ВО МАЈ 2019 ГОДИНА,**

**НА 5-ТИ АВГУСТ ЗАПОЧНА СО РАБОТА НАЦИОНАЛНАТА ЛИНИЈА ЗА СОВЕТУВАЊЕ НА ЛГБТИ+ ЛИЦА (075 241 124).**

Линијата е отворена за сите ЛГБТИ+ лица, нивните семејста и пријатели, но и стручни тимови од училиштата и центрите кои имаат контакт со ЛГБТИ+ лица. Линијата, исто така, е отворена и за млади кои се чувствуваат збунето за својата сексуална ориентација и/или родов идентитет.

## ВООЧЕНИ ПРОБЛЕМИ ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА[1]

**ИАКО НЕМА ПРЕЧКА ВО ПРИСТАПОТ ДО ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ,**

**60%**

**ОД ЛГБТИ ЛИЦАТА**

**НАВЕЛЕ ДЕКА НИВНОТО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ Е ЗАГРОЗЕНО КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ЗДРАВСТВЕНАТА КРИЗА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОВИД – 19.**

Високите проценти на различните состојби со кои се справуваат ЛГБТИ луѓето од аспект на менталното здравје, можеме да кажеме дека се загрижувачки поради фактот дека ваквите состојби одразени на подолг рок би можеле да имаат и потешки последици.

ЛГБТИ луѓето се делумно информирани во однос на постоечките услуги за заштита на менталното здравје за време на рестриктивните мерки за заштита од КОВИД – 19, па така иако многумина имале проблеми со **менталното здравје**, тие не побарале стручна помош и советување.

Проблемите со различните типови на **насилството** претставуваат секојдневен проблем на луѓето од ЛГБТИ заедницата.

**ПОВЕЌЕ ОД ПОЛОВИНА, ОДНОСНО**

**69%**

**НАВЕЛЕ ДЕКА НЕМААТ ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ДА ГО ПРИЈАВАТ СЛУЧАЈОТ;**

**46%**

**ОД ИСПИТАНИЦИТЕ СТРАВУВААТ ОД ПРЕДРАСУДИ И ОТКРИВАЊЕ НА НИВНАТА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И/ИЛИ РОДОВ ИДЕНТИТЕТ ПОШИРОКО ВО НИВНАТА ОКОЛИНА;**

**СКОРО ПОЛОВИНА, ОДНОСНО**

**46%**

**НСЕ ПЛАШАТ ОД ОТКРИВАЊЕ НА НИВНАТА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И/ИЛИ РОДОВ ИДЕНТИТЕТ ОД СТРАНА НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ; ГО ПРИЈАВАТ СЛУЧАЈОТ;**

**НА**

**38%**

**ОД ИСПИТАНИЦИТЕ ИМ Е СТРАВ ЗА НИВНАТА ЛИЧНА БЕЗБЕДНОСТ ПО ПРИЈАВУВАЊЕТО НА СЛУЧАЈОТ;**

**НА**

**23%**

**НЕ ИМ Е ПРИЈАТНО ДА ЗБОРУВААТ ЗА НИВНАТА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА ПРИ ПРИЈАВУВАЊЕ НА СЛУЧАЈОТ.**

[1] Истражувањето „Потребите и проблемите на лезбејките, геј мажите, бисексуалците, трансродовите и квир луѓето за време на КОВИД-19 во Република Северна Македонија“

## ГОВОРОТ НА ОМРАЗА НАСОЧЕН КОН ЛГБТИ ЛУЃЕТО ВО ПОРАСТ.




**ОД ПОЧЕТОКОТ НА ГЛОБАЛНАТА ПАНДЕМИЈА ВО МАРТ ЗАКЛУЧНО СО ОКТОМВРИ 2020 ГОДИНА, ЗАБЕЛЕЖАН Е ГОЛЕМ ПОРАСТ НА ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВРЗ ОСНОВА НА СЕКСУАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВ ИДЕНТИТЕТ. БРОЈОТ НА РЕГИСТРИРАНИ ПРИЈАВИ ЗА ОВОЈ ПЕРИОД Е**

**182 или 17%**

**ОД ВКУПНИОТ БРОЈ НА РЕГИСТРИРАНИ ПРИМЕРИ, 42, ШТО Е ИСКЛУЧИТЕЛНО ВИСОКА БРОЈКА ЗА САМО ДВА МЕСЕЦИ...**

Зголемениот број пријави се должи на зголемениот говор на омраза кој се ширеше на социјалните мрежи за време и по месецот на гордоста, јули, кога во суштина се зголемува и видливоста на ЛГБТИ луѓето. Дополнително, на социјалната мрежа инстаграм се појави профил кој јавно ширеше говор на омраза, а истовремено има голем број на следбеници од помладите генерации кои го искористија вој профил како платформа за ширење на хомофобични ставови и навредлив говор насочен кон ЛГБТИ заедницата


ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Овој текст е изработен со финансиска поддршка од заедничката програма на Европска Унија и Совет на Европа. Тука искажаните мислења нужно не го одразуваат официјалното гледиште на двете страни.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ